Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Даме Груев број 6,
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

**Бр.** 02-25426/2
**Датум:** 23.01.2013 година

**До:** Државен завод за ревизија
Тања Таневска, Главен државен ревизор
ул. Македонија 12/3

1000 Скопје

24.01.2013
18-160/1

**Предмет:** Забелешки по Нацрт-извештај

**Врска:** Ваш бр.18-126/23, 21.12.2012 година

Почитувана Г-ѓа Таневска,

Во врска со доставениот Нацрт-извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност во управувањето во областа на внатрешната пловидба на Република Македонија" во Прилог на овој Допис, Ви ги доставувам Забелешките по Нацрт-извештајот доставени од Капетанија на пристаништата – Охрид, доставени до Министерството за транспорт и врски, со Допис, бр.02-1105/1 од 23.01.2013 година.

Со почит,

Министер,

Миле Јанакиески

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ
Примено: 23.01.2013
02 1105/1

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Даме Груев број 6,
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

Капетанија на пристаништата

Коста Абраш бр.1
6000 Охрид
Република Македонија
Тел/факс (046) 260-451
Е-пошта:
kapetanija@mtc.gov.mk

**Бр.** 33-720/2

**Датум:** 22.01.2013 година

**До:** Министерство за транспорт и врски
- за министерот Миле Јанакиески -

СКОПЈЕ

**Предмет:** Забелешки по Нацрт-извештај

**Врска:** бр.18-126/22

Во врска со доставениот Нацрт-извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема “Ефикасност во управувањето во областа на внатрешната пловидба на Република Македонија”, Министерството за транспорт и врски – Капетанија на пристаништата – Охрид ги дава следните забелешки и коментари:

1.Во делот на Ревизорски наоди, Препораки, при спроведувањето на ревизијата и при утврдување на фактичката состојба на изградбата, користењето, одржувањето и заштитата на пловните патишта, пристаништа, зимовници и сидришта, не е наведено и не е земен во предвид фактот дека во тек е постапка за реконструкција и санација на градското пристаниште во Охрид, а со цел постигнување безбедност во пловидбата, пристанувањето на пловните објекти и нивното спуштање/извлекување во/од вода, на оперативниот дел од пристаништето.

Имено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина е донесено Решение бр.11-7840/2 од 04.10.2012 година за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина со технички бр.ПХ_102_11/11 од март 2012 година.

Од страна на Универзитет Св. Кирил и Методиј – Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии АД – Скопје, е извршена ревизија на Основен проект за реконструкција и санација на Градското пристаниште во Охрид и се доставени конечни извештаи бр.10-1204/4 по фази: архитектура, градежен дел, хидротехнички инсталации, електротехнички инсталации и заштита при работа.

Со ова Проектот за реконструкција на градското пристаниште во Охрид е подготвен за реализација.